1830 2
Službeni v... SR
Makedonije
91000 Skopje
fah 51


# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 18 октомври 1974

БЕЛГРАД

БРОЈ 51 ГОД. XXX

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1974 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.


**914.**

Врз основа на член 25 став 1 од Основниот закон за општествените стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ“, бр. 40/68 и 63/73), на предлог од Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОГРАМАТА НА КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СКЛАДИШЕН ПРОСТОР ВО 1974 ГОДИНА ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СОЈУЗНИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Одлуката за програмата на користењето на средствата за изградба на складишен простор во 1974 година за сместување и чување на сојузни стоковни резерви на прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/74) во точка 1 во уводната реченица бројот: „300,000.000“ се заменува со бројот: „583,170.000“, во одредбата под 1 бројот: „100,000.000“ — со бројот: „175,152.000“, во одредбата под 2 бројот: „100,000.000“ — со бројот: „208,018.000“ и на крајот се додаваат запирка и зборовите: „со тоа што од овој износ 100,000.000 динари да се користи за учество во кредитирањето на изградбата на ладилници“, а во одредбата под 4 бројот: „40,000.000“ се заменува со бројот: „200,000.000“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 613
30 јули 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**915.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1974 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/73), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1974 ГОДИНА ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ

1. Во Одлуката за условите и начинот за користење на средствата на Буџетот на федерацијата за 1974 година за покритие на обврските за повластено возење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 11/74) во точка 2 во одредбата под 1 по зборот: „железничкиот,“ се додава зборот: „автобускиот,“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 614
11 октомври 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**916.**

Врз основа на член 155 став 1 од Законот за службата во вооружените сили („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/74), сојузниот секретар за народна одбрана пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ИЗНОСОТ НА ЕДНОКРАТНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ВОЕНИТЕ ЛИЦА НА СЛУЖБА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

**Постапка за остварување на правото на еднократна парична помош**

Член 1

Постапката за доделување на еднократна парична помош ја поведува старешината од член 151 став 4 од Законот за службата во вооружените сили (во натамошниот текст: надлежниот старешина).

Член 2

Надлежниот старешина или од него определеното лице, веднаш по настанатиот случај или поднесеното барање, презема мерки заради утврдување на фактите и околностите под кои военото лице или граѓанското лице на служба во ЈНА, односно лицето од член 146 на Законот за службата во вооружените сили (во натамошниот текст: Законот) е рането, повредено, озледено, односно загинало или умрело, односно се разболело.

Во посложени случаи надлежниот старешина ќе формира комисија од три члена која ќе даде мислење за фактите и околностите под кои дошло до оштетување на организмот, односно смртта на лицето од став 1 на овој член. Еден член на оваа комисија мора да биде лекар.

Ако рана, повреда или озледа задобило лицето од член 151 став 2 на Законот, надлежниот старешина тоа лице ќе го упати до надлежната комисија заради утврдување на степенот на оштетувањето на организмот.

Член 3

Надлежниот старешина или од него определеното лице (член 2) е должно да ги утврди сите факти и околности под кои настапило оштетувањето на организмот, смртта, односно болеста. Врз основа на тие факти и околности, надлежниот старешина на заинтересираното лице му издава уверение заради остварување на правото на еднократна парична помош.

Член 4

Ако постапката за доделување на еднократна парична помош се поведува по службена должност (член 151 став 2 на Законот), надлежниот старешина писмено ќе ги извести членовите на семејството (член 149 на Законот), односно заинтересираните лица, кои податоци треба да ги достават за да го остварат правото на еднократна парична помош и кон тоа известување ќе им го достави на тие лица уверението од член 3 на овој правилник.

Ако постапката за доделување на еднократна парична помош се поведува по барање на активно воено лице, резервен помлад офицер, резервен офицер или резервен воен службеник поради задобиена рана, повреда или озледа, односно воено лице поради болест (член 145 став 2 на Законот), уверението од член 3 на овој правилник надлежниот старешина ќе му го достави на лицето што задобило рана, повреда или озледа, односно на лицето кај кое настапило оштетување на организмот поради болест и ќе го запознае со условите под кои може да го оствари правото на еднократна парична помош, до кого треба да го достави барањето за доделување на еднократна парична помош, во кој рок и кои докази треба да ги приложи.

Член 5

По завршената постапка надлежниот старешина донесува решение со кое се доделува еднократната парична помош или се одбива барањето за доделување на помош.

Против првостепеното решение, освен првостепеното решение на сојузниот секретар за народна одбрана, може да се изјави жалба до надлежниот старешина во рок од 15 дена од денот од доставувањето на решението.

**Износ на еднократната парична помош**

Член 6

Во случај на оштетување на организмот, на лицето од чл. 145 и 146 на Законот, еднократната парична помош му припаѓа според степенот на оштетувањето и таа изнесува, и тоа:

| Процент на оштетувањето | Динари |
|---|---|
| — 20% | 4.000 |
| — 30% | 5.000 |
| — 40% | 6.000 |
| — 50% | 8.000 |
| — 60% | 10.000 |
| — 70% | 12.000 |
| — 80% | 14.000 |
| — 90% | 16.000 |
| —100% | 20.000 |

На лицето што под условите од член 145 на Законот ќе задобие рана, повреда или озледа, вршејќи ја службата на воен воздухоплов или подморница, што ќе претрпи несреќа при скок со падобран или вршејќи задачи на поморски, односно речен диверзант или нуркач, му припаѓа износот на помошта определен во став 1 од овој член, наголемен за 4.000 динари — ако степенот на оштетувањето на организмот е до 40%, за 8.000 динари — ако степенот на оштетувањето на организмот е 50% или 60%, а за 12.000 динари — ако степенот на оштетувањето на организмот е 70% или повисок.

Член 7

На семејството на лицето што ќе загине или умре под условите од член 145 на Законот, еднократната парична помош му припаѓа во износ од 50.000 динари за еден член на семејството, а за секој натамошен член на семејството овој износ се зголемува за 5.000 динари.

На семејството на лицето што загинало или умрело од повреди задобиени под условите од член 6 став 2 на овој правилник, износот на помошта определен во став 1 од овој член се наголемува за 30.000 динари.

**Преодни и завршни одредби**

Член 8

Нерасправените барања за доделување на еднократна парична помош за случаите на оштетување на организмот, загинување, односно смрт, што настанеле пред 12 мај 1974 година, ќе се расправат според прописите за доделување на оваа помош што важеле на денот кога дошло до оштетување на организмот, загинување односно смрт.

Случаите на оштетување на организмот, загинување односно смрт настанати по 12 мај 1974 година ќе се расправат според одредбите на овој правилник.

Член 9

Согласно со член 483 точка 9 на Законот, одредбите на овој правилник се применуваат и врз граѓанските лица на служба во ЈНА.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за условите и начинот за доделување еднократна парична помош („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/65, 33/67 и 20/70).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. в. п. бр. 61
1 октомври 1974 година
Белград

Сојузен секретар
за народна одбрана,
генерал на армија,
**Никола Љубичиќ**, с. р.

**917.**

Врз основа на член 59 став 1 и член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung", број 193 од 22 август 1974 година, кој излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/191
24 септември 1974 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Фрањо Херлевиќ**, с. р.

**918.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧЕЛИЧНИ САДОВИ ЗА ТЕЧНИ ГАСОВИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Челични садови за течни гасови:

— Заварени бочви за пропан-бутан, називни полнења 150, 250, 500, 750, 1000, 1500 и 2000 kg — — — JUS M.Z2.250

— Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење 5 и 10 kg JUS M.Z2.510

— Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење 15, 25 и 35 kg — — — — — — — — JUS M.Z2.511

— Постаменти за шишиња за пропан-бутан — — — — — — JUS M.Z2.550

— Заварени резервоари за пропан-бутан, зафатнина 20, 30, 60, 100, 150 и 200 m³ — — — — — — JUS M.Z2.600

— Вертикални заварени резервоари за пропан-бутан, зафатнина 60, 100 и 150 m³ — — — — — — JUS M.Z2.620

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1975 година.

4. Престануваат да важат следните југословенски стандарди:

Челични садови за течни гасови.
Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење 15, 25 и 35 kp JUS M.Z2.511
донесен со Решението за југословенските стандарди за челични шишиња за течните гасови пропан-бутан и за вентили за тие шишиња („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/59);

Заварени челични шишиња за пропан-бутан за полнење 5 и 10 kg JUS M.Z2.510

Постаменти за шишиња за пропан-бутан — — — — — — — — JUS M.Z2.550
донесени со Решението за југословенските стандарди за челични садови за течни гасови („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/66);

— Заварени бочви за пропан-бутан за полнење 250, 500 и 1000 kg — JUS M.Z2.250

— Заварени резервоари за пропан-бутан, зафатнина 10, 30, 50 и 100 m³ — — — — — — — — — JUS M.Z2.600
донесени со Решението за југословенските стандарди за челични садови за течни гасови („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/68).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 31 декември 1974 година.

Бр. 09-1483/1
5 март 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**919.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ГРУПАТА НА ОСНОВНИТЕ И ОПШТИТЕ СТАНДАРДИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Математички знаци и симболи од Буловата алгебра — — — — — JUS A.A0.050

Толеранции на облиците и положбите. Дефиниции и ознаки на цртежите — — — — — — — — — JUS M.A1.243

Толеранции на облиците и положбите. Дефиниции и ознаки на цртежите. Скратен приказ — — — JUS M.A1.244

Толеранции во машиноградбата. Толеранции на слободните мерки. Дозволени отстапувања од облиците и положбите — — — — — — JUS M.A1.411

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 декември 1974 година.

Бр. 27-2745/1
30 април 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**920.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МИКРОФИЛМОВИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за сатндардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Општи карактеристики, мерки и ознаки — — — — — — — — JUS Z.E0.200

Микрофилм на лист за документација — — — — — — — JUS Z.E0.201

Микрофилмови од трајна вредност. Чување и ракување — — — JUS Z.E2.010

Начин на снимањето на микрофилм — — — — — — — — JUS Z.E7.010

Фактори на намалувањето при снимањето на микрофилм — — — JUS Z.E7.011

Снимање цртежи во делови — JUS Z.E7.012

Апертурна картичка, монтажна, за филм 35 mm — — — — — — JUS Z.E7.013

Изработка на репродукции од микрофилм 35 mm — — — — — JUS Z.E7.014

Снимање ракописи на микрофилм 35 mm и 16 mm — — — — — JUS Z.E7.015

| | |
|---|---|
| ISO опитен знак за испитување на читливоста при снимање на микрофилм — — — — — — — | JUS Z.E8.010 |
| Опитни полиња за испитување на читливоста — — — — — — | JUS Z.E8.011 |
| Опитни полиња за испитување на читливоста за практична примена на копир-машини (проточни) — | JUS Z.E8.012 |
| Опитни полиња за практично испитување на читливоста на негативи на микрофилм — — — — | JUS Z.E8.013 |
| Таблица за испитување микрофилмови на технички цртежи — — | JUS Z.E8.014 |
| Диазо-директни дупликати — — | JUS Z.E8.015 |
| Испитување на оптичката густина, читливоста и трајноста со помош на опитен негатив и со оригинал-негатив — — — — — — — — | JUS Z.E8.016 |
| Определување на оптичката густина на пропустливи дифузни средини | JUS Z.E8.017 |

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 декември 1974 година.

Бр. 22-5256
30 август 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 921.

Врз основа на член 26 став 1 точка 1 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 6/74), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ ПО СТРАНСКИТЕ ФИНАНСИСКИ И БАНКАРСКИ КРЕДИТИ И СТРАНСКИТЕ ДЕПОЗИТИ

1. Депозитите по странските финансиски и банкарски кредити и странските депозити што овластените банки и организациите на здружениот труд врз основа на одредбите од Одлуката за височината на депозитот по странски финансиски и банкарски кредити и по странски депозити („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 62/72, 39/73, 5/74, 21/74 и 40/74) ги положиле до 30 ноември 1972 година, им се враќаат на депонентите.

Одредбата од став 1 на оваа точка не се однесува на депозитите по странските финансиски и банкарски кредити и странските депозити по кои девизни средства се користени за плаќање на увозот на стоки.

2. Технички упатства за применување на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 74
11 октомври 1974 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

## 922.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БИОЛОШКИ ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ВЕТЕРИНАРНАТА МЕДИЦИНА

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 23 април 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за биолошки лекови за употреба во ветеринарната медицина, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек до 32,8%, а според ценовниците што се составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 58 од 10 октомври 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 10 октомври 1974 година.

Претставници на производителите: Ветеринарски завод — Земун, Ветеринарски завод — Суботица и „Плива" — Загреб.

Претставници на купувачите — потрошувачи: „Ветпром" — Белград, „Ветпромет" — Љубљана, Пословно удружење ветеринарских станица СР Хрватске — Загреб, Пословно удружење ветеринарских станица СР Србије — Белград и „Кемофармација" — Љубљана.

---

## 923.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СКРОБ ОД ПЧЕНКА И ЗА ПРЕРАБОТКИ ОД СКРОБ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 23 август 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за скроб од пченка и за преработки од скроб, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек до 55%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1167 од 8 октомври 1974 година.

**4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува во периодот што е утврден во Спогодбата.**

Претставници на производителите: Индустриско пољопривредни комбинат „Серво Михаљ", Фабрика скроба — Зрењанин, Пољопривредно-индустријски комбинат „Тамиш", Фабрика скроба — Јабука, „Фиделинка" — Фабрика скроба — Суботица и „Хелиос" — Фабрика скроба — Домжале.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Авала" — Белград, „Инка" — Прокупље, „Тома Костиќ" — Лесковац, „Фило Калник" — Копривница, „Белишќе" — Белишќе, Пољопривредно-индустријски комбинат — Ќуприја, Фабрика бомбона „Паракинка" — Параќин, „Галеника" — Земун, Индустрија мотора — Нови Белград, Пољопривредно-индустријски комбинат „Таково" — Горњи Милановац, „Жито" комбинат — Љубљана, „Плива" — Загреб, „Јосип Краш" — Загреб, „Душан Петронијевиќ" — Крушевац, „Кандит" — Осиек, „Подравка" — Копривница, „Колинска" товарна хранил — Љубљана, Текстилни комбинат — Загреб, „Звечево" — Славонска Пожега, „Прогрес" — Битола, Фабрика полуцелулозе — Владичин Хан, „Кнежспољка" — Босанска Дубица, „Фаворит" — Нережишќе, Картонажна товарна — Љубљана, „Ивица Ловинчиќ" — Загреб, „Соко-Штарк" — Белград, Алуминиумски комбинат — Титоград, „Крка" — товарна здравил — Ново Место, „Банат" — Фабрика чоколаде — Вршац, Индустрија пива и алкохола — Зрењанин, „Витаминка" — Бања Лука, „Македонка" — Штип, Текстилна индустрија „Ѓуро Салај" — Мостар, „Навип" — Земун, „Таска" — Кавадарци, Мариборска текстилна индустрија — Марибор, „Иво Лола Рибар" — Железник, „Метка" текстилна товарна — Цеље, Бомбажна предилница — Тржич, Сенќанска текстилна индустрија — Сента, „Оточанка" — Задар, „Кемобоја" — Загреб, „Дуга Реса" — Дуга Реса, Београдски памучни комбинат — Белград, „Нитекс" — Ниш, „Малешевка" — Берово, „Макотекс" — Гостивар, Индустрија стакла — Скопје, „Центрохемија" — Скопје, „Јадран" — Неготин „Етол" — Цеље, „Пазинка" — Пазин, „6. октобар" — Панчево, Индустрија усња — Врхника, Текстилна индустрија — Крањ, „Шапчанка" — Шабац, „Оротекс" — Орославле, Загребачка творница папира — Загреб, „Сава" — Осиек, „Будимка" — Ужичка Пожега, „Европа" — Скопје, „Ласта" — Чапљина, Пољопривредни комбинат — Белград, „Карбон" — Загреб, „Звезда" — Крагуевац, „Станоје Аксиќ" — Липљан, „Натрон" — Маглај, „Слобода" — Осиек, „Преболд" текстилна товарна — Преболд, „Дрога" — Порторож, „Кемик" — Кикинда и „Чока" — Чока.

---

**924.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ АПАРАТИ ОД НИЗОК НАПОН

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 25 јуни 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за електрични апарати од низок напон, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, формирани во согласност со важечките прописи, при постојните услови на продажбата, во просек до 20%, според ценовниците што се составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

**3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 307 од 2 октомври 1974 година.**

**4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".**

Претставници на производителите: „Искра" — Крањ, „Минел" — Белград, „Раде Кончар" — Загреб, „Енергоинвест" — Сараево и Стројопласт" — Марибор.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Радиоелектро" — Белград, „Електротехна" — Белград, „Електроопскрба" — Загреб, „Електроматеријал" — Рибка, „Електронабава" — Љубљана, „Електротехна" — Љубљана, „Југотехника" — Љубљана, „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Техномеркатор" — Цеље, „Бродомеркур" — Сплит и „Југоелектро" — Белград.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста помошник-генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање, со 1 јули 1974 година, Никола Шкудриќ, поради одење на друга должност.

Е. п. бр. 566
19 септември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72 и 21/74), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста советник на генералниот директор на Сојузниот завод за општествено планирање, со 31 август 1974 година, Иван Ранков, поради одење на друга должност.

Е. п. бр. 565
19 септември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бакић Василија Александар, Бубања Радосава Милосав, Петковић Милана Василије, Попов Бранка Дејан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Боснић Глише Јован, Дамјановић Дана Драган, Јововић Лазара Илија, Лазић Глише Душан, Недељковић Јована Славко, Обрадовић Стевана Дане, Силвестровић Раде Танасије; Тривић Марка Јован;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Амижић Ђорђа Радивој, Бањац Милана Славко, Богићевић Радослава Љубиша, Цвекић Милана Петар, Геделовски Ђуре Павле, Инић Гојка Крсто, Ивић Ристе Васо, Ивковић Антуна Антун, Јарић Милана Бранко, Јерковић Петра Милан, Јовановић Данила Пуниша, Копил Владимира Никола, Крајиновић Стевана Никола, Лисулов Милутина Милош, Љуштина Петра Никола;

Марковић Симе Стојан, Морача Марка Славко, Палковљевић Милана Петар, Пејовић Јована Вукола, Перовић Марка Радивој, Прњаворац Ђоке Живан, Раковић Вида Остоја, Рубежић Рада Милован, Салапура Стевана Сима, Сикимић Јована Чеда, Старчевић Пере Стеван, Шерфези Мише Михајло, Шикопарија Живана Ђурица, Телечки Саве Вујица, Живанчевић Петра Војислав, Живковић Лазара Новак;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Алексић Милоша Војислав, Бајац Милутина Светозар, Божић Ђуре Илија, Божић Милана Милисав, Бранковић Дамјана Миливој, Бркић Гавре Рајко, Дамаскин Василија Михај, Драгољевић Стојана Ђорђе, Дувњак Симе Бранко, Ђурић Светозара Никола, Герић Уроша Милан, Грмуша Милоша Милан, Јовановић Васе Тихомир, Јовановић Озрена Живојин, Корчок Андрије Стеван, Ковачевић Миќа Јован, Кузманов Глише Жива;

Лолић Станка Станко, Лукић Стевана Марко, Малбашић Јована Драган, Мијатов Драгутина Сава, Младеновић Добривоја Станојло, Обрадовић-Рапајић Тодора Анка, Огњановић Недељка Ђорђе, Панин-Пајић Жарка Катица, Пејовић Јована Љубо, Петковић Лазара Раде, Петковић Луке Сава, Пилиповић Стевана Стеван, Попић Томе Стеван, Радуловић Луке Сава, Врбашки Косте Сава, Вуковић Живка Сава, Злоколица Милоша Милош;

— за особено залагање и постигнати успеси во социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Арсенић Јове Вељко, Бањац-Гагрчин Станка Јелица, Барач Миливоја Драгомир, Башић Симе Ђуро, Баштић Јове Петар, Бегушевић Илије Радован, Белић Жарка Славко, Бенгин Рада Бранко, Богдановић Зиновија Васа, Брновић Николе Светозар, Ђурчија Стевана Душан, Дубовечак Грге Владимир, Ђукић Вида Ђуро, Ђукић Боже Стеван, Грбић Милоша Душан, Гвозденовић Владимира Радивој, Хрњак Ђуре Дане, Иванчевић Јакше Светозар, Иванчић Мартина Мирко;

Јакшић Вида Боривој, Јандрић Шпире Милорад, Јовичић Александра Лазар, Калаба Ђуре Лука, Кларић Ђуре Милић, Кокотовић Миланка Илија, Косановић Илије Милан, Лазић Јандрије Илија, Лемић Адама Буде, Марић Јакова Душан, Метлић Бојана Илија, Михајловић Станка Ђока, Миросављевић Павла Милан, Мишкар Јована Јован, Мучи Јаноша Јожеф, Мусић Гаврила Рајко;

Недељковић Милентија Сибин, Недељковић Јована Живко, Недић Јагоша Радош, Обрадовић Давида Јован, Опачић Милана Сава, Пањковић Ђуре Илија, Париповић Данила Душан, Полић Николе Данило, Пољаковић Јосипа Геза, Попов Александра Живојин, Пуђа Илије Никола, Радуловић Ђуре Бранко, Сегединчев Ђуре Боривој, Смоловић Радисава Саво, Стејановић Полексија Недељко, Столић Стевана Лазар, Сврачић Петра Лођа;

Шош Ђорђа Ђорђе, Шпирић Милана Милан, Томановић Јована Митар, Томашевић Ђетка Благота, Васић Душана Жика, Величков Љубомира Милутин, Вењац Саве Василије, Влаховић Радована Јован, Вуцелић Рада Миле, Вуцеља Милана Рајко, Вујновић Илије Стеван, Вулић Светозара Жика, Вуњак-Чезо Ђуре Милка, Зорић Петра Богдан, Зорић Стевана Душан, Жакић Петра Лазар;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Блажић Петра Мирко, Боканић Глише Веселин, Чобанов Александра Златибор, Ђурчић Петра Ратомир, Кларевић Петра Васа, Коларов Јована Александар, Кричковић Вида Савка, Љубишић Рајка Гојко, Мијић Лазара Јован, Мирковић Михајла Милан, Мишић Николе Слободан, Недељковић-Лучић Гавре Зора, Пашић Владе Душан, Познић Милоша Гојко, Прерадовић Лазара Миленко, Савић Стевана Миша, Савић Обрада Стокан, Стипановић Лазе Никола, Свилар Ђорђа Станислав, Тасовац Косте Васа, Жикић Мите Ђорђе;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ацић Новице Божидар, Алексић Борисава Аксентије, Алексић Ташка Никола, Антонић Илије

да Мирко, Сариќ Томе Шиме, Савановиќ Уроша Мирко, Савељиќ Стојана Чедомир, Савиќ Станка Васа, Савовиќ Новице Раде, Симеуновиќ Милоша Радосав, Спасеновиќ Љубомира Живко, Спасиќ-Телебаковиќ Саве Јованка, Стаменковиќ Симе Добривој, Станковиќ Алексе Раденко, Станковиќ Симеуна Бељко, Станковиќ Јањиќије Властимир, Стефановиќ Обрада Маринко, Стељиќ Радована Милун, Степанов Милана Емил, Стоиљковиќ Пејча Радомир, Стојанов Душана Никола, Стојановиќ Љубомира Братимир, Стојановиќ Младена Вукомир, Стојиќ Спасе Саво, Стојков Лазара Милан, Ступар Мила Марко, Сврко̀та Боже Перко;

Шабановиќ Михајла Обрад, Шеќеров Милана Петар, Шовљански Симе др Мирослав, Шпица Милуна Миодраг, Штрбоја-Папиќ Богољуба Зорица, Шушњар Ваје Ѓуро, Тунурџиќ Жарка Гојко, Тасиќ Саве Благоје, Тодиќ Пере Вељко, Тодоровиќ Живка Радомир, Тришиќ Бранислава Драгутин, Угрица Мила Лука, Увалин Обрада Жива, Вејин Илије Илија, Вељовиќ Методија Душан, Веригиќ Стевана Дејан, Видаковиќ-Мијин Рада Мирјана, Вигњевиќ Петра Раде, Владушиќ Лазе Ѓуро, Влашковиќ Радосава Милисав, Војниќ Паје Манда, Војводиќ Давида Дмитар, Вујачиќ Душана Драгољуб, Вујиќ Јове Илија, Вукадинов Николе Ѓура, Вукадиновиќ Петра Радоје, Вукосављевиќ Недељка Милисав, Зечевиќ Илије Миомир, Земко Антуна Лазар, Зораја Николе Драган, Збриќ Рада Светко, Зрниќ Милана Ѓуро, Жига Драгољуба Димитрије, Живанов-Гајин Петра Анѓелка, Живанов Васе Милорад, Живковиќ Милована Михајло, Живојновиќ Милана Александар, Жужиќ Петра Манојло;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Мазиќ Мирка Живко;

— за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Чучковиќ-Летица Данила Мирослава, Димитријевиќ Недељка Томислав, Ѓорѓевиќ-Авдаловиќ Стевана Радмила, Ивиќ Милана Војимир, Кочиш Пала Јонош, Крајнов Момчила Лепосава, Милановиќ Милорада Драгутин, Недиќ-Пејовиќ Димитрија Микосава, Николин-Токин Арсе Александра, Перњаковиќ-Наумов Светозара Љубица, Петровиќ Михаила Ранѓел, Радуловиќ Драгољуба Крунислав, Совриќ Тривуна Јован, Тица Рада Јован, Весовиќ Драгојла Андрија;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Авдаловиќ Глигорија Видосава, Бајагиќ Милована Сава, Бјелановиќ Радивоја Станимир, Брзак-Паѓен Живана Вера, Церовиќ Рада Иконија, Ќириќ-Спајиќ Уроша Верица, Демиќ-Јовановиќ Лазе Златинка, Ѓурашковиќ Милована Добривоје, Ѓурѓевиќ-Малешевиќ Спасе Душанка, Грбиќ Душана Бранко, Грујиќ Душана Милосав, Хорват Јаноша Ференц, Ивошев Марина Марко, Јечменица Момчила Добривоје, Јованов Рада Миливој, Каса Пала Ѓура, Кеврешан-Пилиповиќ Ѓуре Радојка, Лајко, Михајла Стјепан, Ламбиќ Ивана Веселин, Лојаница Обрада Божо, Лукиќ Живана Милош;

Матиќ-Илиќ Илије Анѓелка, Матовиќ Драгољуба Исидор, Михајловиќ Милована Градимир, Миладинов Стевана Велимир, Милошевиќ-Јанков Радивоја Јелка, Мосуровиќ-Поповиќ Мила Милица, Мудриниќ Николе Милан, Никиќ Живојина Здравко, Николиќ Павла Стеван, Пауновиќ Станише Милосав, Павловиќ Добривоја Миладин, Павловиќ Ѓорѓа Светомир, Петаковиќ-Писаревиќ Чедомира Радинка, Попов Радована Радмила, Радосављевиќ Радивоја Марко, Ранковиќ Младена Душица, Савиќ Илије Десанка, Стаменковиќ Миодрага Станко, Станиќ Бошка Урош, Стефановиќ Станислава Влајко Свинчак Михаља Ференц, Вете Антуна Маргита, Влаисављевиќ-Балабан Михаља Олга, Врсајков Саве Љиљана, Вукичевиќ Олге Драгица, Вукосављевиќ Милорада Никола.

Бр. 40
24 април 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

## СОДРЖИНА:

Страна


914. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за програмата на користењето на средствата за изградба на складишен простор во 1974 година за сместување и чување на сојузни стоковни резерви на прехранбени производи — — — — — 1493

915. Одлука за дополнение на Одлуката за условите и начинот за користење на средствата на Буџетот на федерацијата за 1974 година за покритие на обврските за повластено возење — — — — — 1493

916. Правилник за постапката за остварување на правото на еднократна парична помош и за определувањето на износот на еднократната парична помош за воените лица на служба во Југословенската народна армија — — — — — — — 1493

917. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung" — — — — — — 1494

918. Решение за југословенските стандарди за челични садови за течни гасови — — 1495

919. Решение за југословенските стандарди од групата на основните и општите стандарди — — — — — — — — — 1495

920. Решение за југословенските стандарди за микрофилмови — — — — — — — 1495

921. Одлука за враќање на депозитите по странските финансиски и банкарски кредити и странските депозити — — — 1496

922. Спогодба за промена на затечените цени за биолошки лекови за употреба во ветеринарната медицина — — — — — 1496

923. Спогодба за промена на затечените цени за скроб од пченка и за преработки од скроб — — — — — — — — — 1496

924. Спогодба за промена на затечените цени за електрични апарати од низок напон 1497

Назначувања и разрешувања — — — — 1497

Одликувања — — — — — — — — — 1498

Меѓународни договори — — — — — — 977


**Издавач: Новинска установа Службен лист на СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**